SUPPORTING MODERNIZATION AND DE-INSTITUTIONALIZATION OF SOCIAL SERVICES

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН
# НА ОПШТИНА БИТОЛА
# 2021-2024

Project implemented by:
eptisa Southeast Europe d.o.o.
care
eptisa

Содржина

1. Вовед ..... 1
1.1 Социо-економски карактеристики на општината ..... 2
1.2. Законска регулатива ..... 4
1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план ..... 5
2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби ..... 6
3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ..... 23
3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ..... 24
3.1.1. Услуги на информирање и упатување ..... 24
3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка ..... 24
3.1.3. Услуги на советување ..... 25
3.1.4. Услуги во домот ..... 25
3.1.5. Услуги во заедницата ..... 25
3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита ..... 27
3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ..... 28
3.2.1. Услуги на информирање и упатување ..... 28
3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка ..... 29
3.2.3. Услуги на советување ..... 29
3.2.4. Услуги во домот ..... 29
3.2.5. Услуги во заедницата ..... 30
3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита ..... 33
3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ ..... 33
3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување ..... 34
4. Потребни капацитети и финансиска поддршка ..... 37

5. Лиценцирање на даватели на услуги ........ 42

Прилог – одлука за формирање на општински совет за социјална заштита ........ 43

## 1. Вовед

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Со програмата за социјална заштита општина Битола се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна правилна инклузија во секојдневието на општината. Програмата за социјална заштита за 2020 година на Општина Битола дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на граѓаните на град Битола, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните на Општина Битола. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Битола за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица, ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Со овој план се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања.Основа за изготвување на социјалниот план од страна на Советот за социјална заштита е регулирано со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, кој што ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа. Документот дава преглед на досегашните достигнувања и ресурси и поставува цели и приоритети во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во периодот од 2021 до 2024 година. Тој е во согласност со целите на социјалната политика поставени на европско и национално ниво.

Со реализацијата на овој социјален план Општина Битола ја прилагодува својата работа за секој граѓанин и се труди да му обезбеди квалитетен живот со почитување на принципите на правда, еднаквост и почитување на човековите права, а гарантира дека социјалните услуги се навремени, насочени и достапни за сите. Документот ќе придонесе кон систематско подобрување на социјалните услуги обезбедени со минимални административни барања и ефективна меѓусекторска соработка и нивно континуирано прилагодување кон индивидуалните потреби на граѓаните и стандардите за квалитет на социјалните услуги.

Основната цел на овој план е да обезбеди рамка за следење и проценка на мерките за социјална заштита што се планираат да се спроведат со цел да се идентификуваат навреме и колку што е можно повеќе да се избегнат потенцијалните ризици (лични, економски, социјални и други) кои ги ставаат одредени групи во сиромаштија и социјална исклученост. Во општина Битола, со постојните институционални основи во системот на социјална заштита, вклучително граѓанско општество, верски и добротворни организации, се спроведува цел спектар на различни услуги во заедницата што го подобруваат квалитетот на животот на целото население. Досега нема систематско следење и проценка на квалитетот и

резултатите од сите услуги што можат да се користат во општина Битола, што не беше проблем со оглед на тоа што бројот на даватели на услуги беше релативно мал, а изворите на финансирање се стабилни. Сепак, промените во средината, пред се финансиската криза која што веќе се предвидува да се зголеми поради Ковид 19 пандемијата, доведоа до потреба да се пристапи кон планирање на развој на различен начин во сите социјални сектори, вклучително и социјалниот. Затоа, насоките за развој треба да се засноваат на резултатите од претходните активности, така што добиените промени во средината можат да се мерат и да се прилагодат на тековните потреби на населението. Со подобрување на системот за набудување и проценка на активности и развој на партнерска соработка на различни даватели на социјална заштита при решавање на специфични проблеми во општината, можеме да ги подобриме основните социјални потреби на населението со најголем ризик од сиромаштија и социјална исклученост.

Локалната самоуправа има надлежност во делот и на здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, надзор над заразни болести и други области утврдени со закон. Исто така во планирањето на социјалната заштита на локално ниво можи да се оствавува и меѓуопштинска соработка, да се основаат заеднички јавни установи од областа на социјална и детска заштита.
Градоначалникот и Советот на Општина Битола се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди. Но и да се зголемат капацитетите за згрижување на деца до предучилишна возраст во Детските градинки во Битола.

Веруваме дека Планот во наредниот период ќе биде соодветна рамка за дејствување од областа на социјалната заштита на нашата општина со цел подобрување на системот, во корист на сегашните и потенцијалните корисници во системот, создавање предуслови за долгорочен, фер и избалансиран развој на сите области и на целото население на општина Битола.

## 1.1 Социо-економски карактеристики на општината

Општината се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија. На запад општината се граничи со Општина Ресен, каде границата меѓу двете општини минува низ Баба планина. Јужната граница е државната граница со Грција. На исток и североисток општина Битола се граничи со Општина Новаци и Општина Могила, додека на север со Општина Демир Хисар.

Битола е најголемиот градски центар во плодната и најголемата македонска котлина Пелагонија и втор град по големина во Република Македонија. Административно гледано,тој е седиште на Општината Битола, но и главен регионален центар за југозападниот регион на Република Македонија.

Подрачјето на  Општината Битола е утврдено со закон и ги опфаќа градот Битола и 65-те села околу него:  Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково, Велушина,  Габалавци, Гопеш, Горно Егри,  Горно Оризари, Граешница, Дихово, Доленци, Долно Егри,  Долно Оризари,  Драгарино, Драгожани, Драгош,  Древеник,  Ѓавато,  Жабени,  Злокуќани, Кажани, Канино, Карамани,  Кишава, Кравари, Крклино,  Кременица,  Крстоар,  Кукуречани, Лавци,  Лажец, Лера,  Лисолај, Логоварди,  Лопатица, Магарево,  Маловиште,  Метимир, Меџитлија,  Нижеполе,  Ново Змирнево, Облаково,  Олевени, Оптичари,   Орехово, Острец,  Поешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино,  Свиниште,  Секирани, Снегово,  Средно Егри, Српци, Старо Змирнево,  Стрежево, Трн,   Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец.

Во овие села кои што спаѓаат под општина Битола, според податоците добиени на терен од разговори со самите жители на селата, како извор на информации од самите корисници на овој план, добиен е податок дека во нив живеат околу 22600 жители со тоа што самите села варириаат во број на население со што најмалите имаат околу 25 односно 30 жители со постојано место на живеење во селото додека пак има и поголеми села кои што имаат околу 3500 жители. Покрај тоа вкупниот број на лица со попреченост кои што живеат во овие села се движи од околу 110 лица, додека пак бројот на стари лица на кои им е потребна помош и нега во секојдневието е исто така околу 100 до 120 лица. Како најчест вид на попреченост кој што се се јавува е телесен инвалиднитет но покрај него како значаен број се сретнуваат и лица со интелектуална попреченост.

Во поглед на инфраструктурата, исто така при податоци добиени на терен со разговори со жителите, мнозинството од овие села сметаат дека нивни најголем инфраструктурен проблем се патиштата кои што и покрај тоа што во најголем дел од селата главните патишта се асвалтирани сепак имаат одредени куќи кои што сеуште немаат асфалтиран прилаз до секој дом. Сепак има и села кои што се до 90% и повеќе асфалтирани. Во поглед на водоводната мрежа најголем дел од селата имаат свој систем кој што редовно треба се одржува но токму тие се и оние села кои што најчесто имаат проблеми во водоснабдување особено во летните месеци кога самите жители се поврзуваат на диво и ја користат оваа вода за наводнување со што нема доволно вода за пиење. Како еден од проблемите кои што се јавуваат е недостаток на улично осветлување. Во однос на канализација најголем дел од селата не се поврзани на градска канализациона мрежа , односно тоа прашање го решаваат со сопствен канализационен систем кој што се изведува со септички јами во секое домаќинство што претставува ефикасно и пожелно решение, но забележителен е податокот во овие села каде што не се поврзани со градска канализациона мрежа околу половина од домаќинствата, односно оние кои што имаат пристап и близина до река, канализационите цефки ги испуштаат во реките.

Во поглед на поврзаноста со градот во најголем дел од овие села единствен превоз е школскиот превоз кој што во лето воопшто го нема. Сепак има и такви села кои што сочинуваат околу 40% од вкупниот број на села во општина Битола кои што се редовно поврзани со автобуска линија, или комбе, сепак околу 50% од селата сметаат дека им е потребна и дополнителна линија, или барем една линија во оние каде што воопшто нема. Околу 10% од селата пак и доколку би

имало воспоставена автобуска линија никој не би ја користел поради тоа што секој од жителите има сопствен превоз, па воопшто не е на листата на нивни приоритети да се воспостави линија која што не би била функционална.

Според податоците добиени од Завод за статистика според проценките на население во Битола бројот на жители за 2019 година изнесува 90895 жители, од кои 44630 мажи и 46265 жени.

**Според возраст[1] поделбата на населението во општина Битола е како што следува:**

| | 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-14 | 15-29 | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-80+ |
| **вкупно** | 13095 | 15259 | 21011 | 18587 | 17279 | 5664 |
| **Мажи** | 6805 | 7766 | 10568 | 9009 | 8299 | 2183 |
| **жени** | 6290 | 7493 | 10443 | 9578 | 8980 | 3481 |

Според последниот попис во 2002 година според изјаснување по национална припадност[2] во општина Битола состојбата е:

| **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Останати** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **88.71%** | 4.37% | 1.69% | 2.74% | 1.33% | 0.57 % | 0.02% | 0.58% |

Во развојот на битолската економија значаен фактор претставуваат природните услови кои придонесуваат за забрзан просперитет на Битола во наредниот период. Ваквите можности се темелат, пред се, на природниот фактор, и тоа, во прв ред на: земјоделството, шумарскиот потенцијал, минералното богатство и др.

## 1.2. Законска регулатива

Социјалниот план на општина Битола произлегува почитувајќи ги

- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),

1 Табела: Население во Република Македонија на 30.06 по специфични групи на возраст, по пол, по општини, по години, според промените во територијалната поделба од 2014 година, извор: Државен завод за статистика, makstat.stat.gov.mk

2 Табела: Вкупно население според изјаснување по национална припадност, Попис 2002, извор: Државен завод за статистика, makstat.stat.gov.mk

- Законот за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 годинА
- Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),
- Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година),
- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.09.2015 година),
- програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година),
- Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),
- Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),
- Националната политика за социјална заштита,
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија;

## 1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

Социјалниот план на општина Битола го подготвува Сектор за економски развој, јавнни дејности и информатичка технологија на општина Битола, го разгледува комисија за јавни дејности и донесува советот на општина Битола. Советот на Општина Битола го усвојува социјалниот план на општина Битола со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа програма кои живеаат во Општина Битола.

Во општина Битола исто така е и воспоставен Општински совет за социјална заштита на општина Битола од 2019 година. Во рамките на овој совет има вкупно 22 членови и секој од нив има свој заменик. Во работата на ОССЗ учествуваат и претставници од општинска администрација, Претставници на Советот на Општина Битола, претставник од сектор за внатрешни работи, претставник од Основно Јавно обвинителство, претставник од Клиничка болница, претставник од Центарот за вработување, претставник од ЈЗУ „Здраствен дом“, претставници од Центар за социјални работи, претставник од Бирото за развој на образованието, претставници на Здруженија на граѓани, претставници за Урбани заедници и претставници од религиозни заедници, а по потреба во работата на ОССЗ се вклучуваат и други заинтересирани

институции и организации. Во прилог на овој социјален план е дадена и одлуката за формирање на овој совет. Како контакт лица одговорни за изработка на социјален план на општина Битола се Виолета Налевска (viki.nalevska@bitola.gov.mk, +38971222839) и Симона Јовеска (simonajoveska132@gmail.com, +38971385682).

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на општина Битола, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење, придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребна акција.
Со оглед на тоа дека општината континуирано и посветено работи на социјалната добросостојба на своите граѓани во превид се земени и направена е анализа на локалните документи и политики - Локална стратегија за намалување на младинската невработеност кај ромите преку претприемништво 2018-2020, Стратегија за соработка на Општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој, Програма за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во општина Битола, Програма за работата на комисијата за еднакви можности 2019, а консултирани се и Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, Законот за рамномерен регионален развој, Програмата за регионален развој

Согласно со превземените статистички податоци од Државен завод за статистика за општина Битола за 2019 год., и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Битола за 2019 година се добиени следните демографски, економски и социјални фактори

| **Родени** | **706** |
|---|---|
| **Умрени** | 1171 |
| **Природен прираст** | -465 |
| **склучени бракови** | 532 |

*Економски фактори* – Според податоците добиени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за број на невработени лица (активни баратели на работа) и други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Битола, со место на живеење во Општина Битола, според возраст, школска подготовка, националност, време на чекање на вработување и пол, со состојба на 31.12.2019 година како и за број на невработени инвалидни лица евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Битола, со место на живеење во

Општина Битола, според возраст, школска подготовка, вид на инвалидност и пол, со состојба на 31.12.2019 година податоците се како што следува:

| Општина Битола | Вкупно | Од 15-19 години | Од 20-24 години | Од 25-29 години | Од 30-34 години | Од 35-39 години | Од 40-44 години | Од 45-49 години | Од 50-54 години | Од 55-59 години | 60 години и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **активни баратели на работа** | 4403 | 86 | 309 | 440 | 423 | 443 | 404 | 392 | 458 | 685 | 763 |
| **пасивни баратели на работа** | 4264 | 36 | 204 | 365 | 450 | 465 | 416 | 485 | 514 | 647 | 682 |
| **вкупно** | 8667 | 122 | 513 | 805 | 873 | 908 | 820 | 877 | 972 | 1332 | 1445 |

Во општина Битола има вкупно 8667 баратели на работа, активни и пасивни, од кои што 2304 лица се жени активни баратели на работа и 2465 жени пасивни баратели на работа. Од вкупниот број на лица баратели на работа дури 1445 лица се од 60 и повеќе години, додека од 55 до 59 години има 1332 лица што укажува на потешкотиите со кои што повозрасните лица се соочуваат при вработување.

| Општина Битола | Без образование и со основно образование | Непотполно средно образование | Завршено средно образование | Више образование | Високо образование | Магистри на науки | Доктори на науки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **активни баратели на работа** | 1925 | 499 | 1064 | 144 | 718 | 50 | 3 |
| **пасивни баратели на работа** | 1695 | 577 | 1371 | 129 | 463 | 28 | 1 |
| **вкупно** | 3620 | 1076 | 2435 | 273 | 1181 | 78 | 4 |

Во 2019 година во општина Битола евидентирани се 3620 невработени лица без и со основно образование, додека дури 1076 лица се со непотполно средно образование. Покрај тоа има и значителен број на лица невработени со високо образование, па дури и лица магистри и доктори на науки.

| Општина Битола | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **активни баратели на работа** | 3243 | 219 | 142 | 692 | 6 | 13 | 1 | 87 |
| **пасивни баратели на работа** | 3547 | 349 | 96 | 185 | 11 | 11 | 1 | 64 |
| **Вкупно** | 6790 | 568 | 238 | 877 | 17 | 24 | 2 | 151 |

Според националност најголем дел од евидентираните баратели на работа се Македонци, а потоа следуваат Роми и Албанци.

| Општина | Вкупно | | Под 1 месец | | Од 1 до 5 месеци | | Од 6 до 11 месеци | | Од 12 до 17 месеци | | Од 18 до 23 месеци | | 2 години | | 3 години | | 4 години | | 5-7 години | | 8 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| **Битола** | 4403 | 2304 | 270 | 120 | 1028 | 616 | 696 | 360 | 460 | 252 | 232 | 127 | 506 | 238 | 197 | 105 | 197 | 106 | 494 | 227 | 323 | 153 |

Според времето на чекање на вработување највисок број од лицата кои што се евидентирани во АВРСМ – Центар за вработување Битола, се со период од еден до пет месеци со 1028 лица, но загрижувачки е и податокот што дури 323 лица се евидентирани како невработени во период од осум и повеќе години, додека 494 лица се евидентирани во период од пет до седум години.

| Општина | Вкупно | | од 15 до 19 години | | од 20 до 24 години | | од 25 до 29 години | | од 30 до 34 години | | од 35 до 39 години | | од 40 до 44 години | | од 45 до 49 години | | од 50 до 54 години | | од 55 до 59 години | | од 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 158 | 64 | 4 | 2 | 5 | 2 | 9 | 3 | 17 | 6 | 23 | 10 | 20 | 9 | 15 | 5 | 15 | 1 | 29 | 13 | 21 | 13 |

Во АВРСМ – Центар за вработување Битола евидентирани се и вкупно 158 невработени инвалидни лица од кои што 64 се жени и најголем број од нив се на возраст од 55 до 59 години. Евидентирани се и 4 лица кои што се до 19 години.

| **Општина** | **Вкупно** | | **Без образование и со основно образование** | | **Непотполно средно образование** | | **Завршено средно образование** | | **Више образование** | | **Високо образование** | | **Магистри на науки** | | **Доктори на науки** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| **Битола** | **158** | **64** | **95** | **35** | **22** | **11** | **35** | **17** | **2** | **0** | **4** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Од евидентираните невработени инвалидни лица највисок број се без образование или со основно образование, дури 95 од нив, додека пак и воошто нема лица магистри и доктори на науки а со високо образование се само 4. Ова го поставува прашањето дали лицата со инвалидност со високо образование веднаш наоѓаат работа или воопшто нема лица со инвалидност кои што имаат високо образование што е прашање вредно да се испита.

Невработени инвалидни лица (активни баратели на работа), евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Битола, со место на живеење во оштина Битола, според вид на инвалидност и пол, со состојба на 31.12.2019 година:

| **Општина** | **Вкупно** | | **Воени мирновремени инвалиди** | | **Инвалид на трудот** | | **Пречки во видот** | | **Пречки во слухот** | | **Телесна инвалидност** | | **Лица со пречки во развојот** | | **Лица со повеќе видови инвалидност** | | **Останати некатегоризирани видови на инвалидност** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| **Битола** | **158** | **64** | **1** | **1** | **24** | **11** | **8** | **3** | **10** | **5** | **45** | **20** | **55** | **18** | **14** | **6** | **1** | **0** |

Според видот на инвалидност на лицата евидентирани како невработени највисок број се лица со пречки во развојот како и телесни инвалиди но исто така има и доста лица кои што се инвалиди на трудот.

Покрај тоа во текот на 2019 година согласно Законот за вработување на инвалидни лица, позитивно се одлучени вкупно 10 барања (10 работодавачи со седиште во Општина Битола) за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за вработување за 19 невработени инвалидни лица. Со Програмата за самовработување, согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, 4 невработени инвалидни лица со место на живеење во Општина Битола, отпочнале сопствен бизнис, односно се самовработиле. Во АВРСМ - Центар за вработување Битола, со место на живеење во Општина Битола, со состојба на 31.12.2019 година, евидентирани се 987 невработени лица - корисници на право на паричен надоместок согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок согласно Законот за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост во државата.

*Социјални фактори* – при одредување на социјалните фактори се користени податоци добиени од ЈУ МЦСР – Битола како би послужиле за мапирање на лицата од ранливи групи во Општина Битола, и нивните потреби. Податоците кои што се побарани се со цел да се мапираат лицата од неколку аспекти односно **сиромаштија, старост, попреченост, насилство, дрога и алкохол, деца без родителска грижа и деца на улица.**

Заклучно со 31-12-2019 год., во ЈУ МЦСР Битола се регистрирани се следните корисници на Права на парична помош од социјална заштита:

| | | |
|---|---|---|
| **Гарантирана минимална помош** | **Социјална парична помош** | **964** |
| | Постојана парична помош | 390 |
| | ПП 18-26 | 11 |
| | Гарантирана минимална помош | 1454 |
| **Надоместок заради попреченост** | | 639 |
| **Надоместок за помош и нега од друго лице** | | 4537 |
| **Надоместок на плата за скратено работно време** | | 10 |
| **Додаток за домување** | | 0 |
| **Траен надоместок** | | 4 |

| | |
|---|---|
| **Еднократна парична помош** | 177 |
| **Социјална сигурност на стари лица** | 238 |
| **Гарантиран детски додаток** | 959 |
| **Посебен додаток** | 434 |
| **Еднократна парична помош за новороденче** | 512 |
| **Образовен додаток за ученици во основно и средно образование** | 1456 |
| **Родителски додаток за трето и четврто дете** | 865 |
| **Образовен додаток за студирање** | 14 |
| **Право здравствена заштита** | 426 |
| **Право на надоместок на трошоци за сметување и надоместок за згрижување во згрижувачко семејство** | 46 |
| **Цивилна инвалиднина** | 13 |
| **Народна кујна** | 84 |
| **Вкупно** | 13233 |

Извор: ЈУ МЦСР Битола

| | | |
|---|---|---|
| **Социјална парична помош** | **Позитивно решени предмети** | **870** |
| | Вкупно корисници | 2043 |
| **Постојана парична помош** | Позитивно решени предмети | 346 |
| | Вкупно корисници | 440 |
| **Парична помош за лице кое до 18 год. имало статус на дете без родители и родителска грижа** | Позитивно решени предмети | 9 |
| | Вкупно корисници | / |
| **Гарантирана минимална помош** | Позитивно решени предмети | 1135 |
| | Вкупно корисници | 2328 |
| **Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството** | Позитивно решени предмети | 1122 |
| | Вкупно корисници | 2328 |
| **Надоместок заради попреченост** | Позитивно решени предмети | 548 |
| | Вкупно корисници | |
| **Паричен надоместок за помош и** | Позитивно решени предмети | 1756 |

| | | |
|---|---|---|
| **нега од друго лице** | Вкупно корисници | |
| **Надоместок на плата за скратено работно време** | Позитивно решени предмети | 10 |
| | Вкупно корисници | |
| **Додаток за домување** | Позитивно решени предмети | 1 |
| **Траен надоместок за згрижувач** | Позитивно решени предмети | 3 |
| **Еднократна парична помош** | Позитивно решени предмети | 8 |
| **Социјална сигурност за стари лица** | Позитивно решени предмети | 116 |
| **Гарантиран детски додаток** | Позитивно решени предмети | 673 |
| **Посебен додаток** | Позитивно решени предмети | 370 |
| **Еднократна парична помош за новороденче** | Позитивно решени предмети | 481 |
| | Вкупно корисници | |
| **Образовен додаток** | Позитивно решени предмети | 663 |
| **Образовен додаток за студирање** | Позитивно решени предмети | 4 |
| **Право на здравствена заштита** | Позитивно решени предмети | 364 |
| **Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување** | Позитивно решени предмети | 37 |
| **Цивилна инвалиднина** | Позитивно решени предмети | 12 |
| **Народна кујна** | Вкупно корисници | 120 |
| **Услуги во домот** | Помош и нега во домот | 0 |
| | Лична асистенција | 16 |
| | Вкупно | 16 |
| **Услуги во заедницата** | Услуги на дневен престој | 21 |
| | Услугата за рехабилитација и реинтеграција | / |
| | Услугата за ресоцијализација | / |
| | Услуги на привремен престој | 10 |
| | Одмена на семејна грижа | / |

| | | |
|---|---|---|
| | Куќа на пола пат | / |
| | Вкупно | 31 |
| **Услуги на вон-семејна заштита** | Живеење со поддршка | 23 |
| | Згрижување во друго семејство | 37 |
| | Сместување во установа | 33 |
| | Вкупно | 93 |
| **Воспитна установа** | Број на корисници | 3 |
| **Дневен центар за лица со попреченост** | Вкупен број на категоризирани лица на територијата што ја покрива ЦСР на возраст од 0-26 (потенцијални корисници) | 41 |
| | Број на упатени во дневен центар | 1 |
| | Просечен број на присутни во дневен центар | 15 |
| **Центар за жртви на семејно насилство** | Број на корисници | 9 |
| ***Постапки кои се водат во ЦСР*** | Брак и семејство | 543 |
| | Бракоразводи- постапки за мирење | 103 |
| | Лица со нарушени партнерски и брачни односи | 38 |
| | Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее | 109 |
| | Вонбрачно доверување на дете | 28 |
| | Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство | 0 |
| | Жртва на семејно насилство | 133 |
| | Сторител на семејно насилство | 132 |
| | Заштита на деца | 497 |
| | Дете без родители и родителска грижа | 100 |
| | Дете со попреченост | 42 |
| | Дете во ризик | 143 |
| | Дете во судир со закон | 82 |
| | Малолетно лице под старателство | 96 |

| | | |
|---|---|---|
| | Надзор над вршење на  родителско право | 5 |
| | Одземање на родителско право | 3 |
| | Посвојување | 26 |
| | Заштита на возрасни | 507 |
| | Полнолетно лице со  попреченост | 33 |
| | Возрасно лице под старателство(целосно одземена деловна способност) | 15 |
| | Возрасно лице под старателство  (делумно одземена деловна способност) | 11 |
| | Старателство на возрасно лице за посебен случај | 342 |
| | Лице кое  злоупотребува  дроги и други психотропни супстанци | 4 |
| | Лице кое злоупотребува алкохол,или се лекува од алкохол | 6 |
| | Возрасно лице  со изречена алтернативна мерка | / |
| | Возрасно лице по отпуштање од казнена установа | 10 |
| | Лице жртва на трговија со луѓе | / |
| | Бездомно лице | 2 |
| | Старо лице | 27 |
| | Лице азилант | / |
| | Носител на згрижувачко семесјтво | 46 |
| | Советувалиште за брак и семејство | 11 |
| | ВКУПНО | 1547 |
| **Полнолетно лице со  попреченост** | Предмети во работа | 3 |
| **лица со ментална и телесна попречност кои се сместени во згрижувачко семејство, установа или упатени во дневен центар** | Сместени во згрижувачко семејство | 2 |
| | Во  стамбена  единица | 3 |
| | Сместени во установа | 9 |
| **Сместување во установа за** | ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| **социјална заштита** | ЈУ Детски Дом 11 Октомври | 8 |
| | ЈУ за згрижување деца со воспитно | 3 |
| | социјални проблеми и нарушено поведение | 1 |
| | ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци | 2 |
| | ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - | 10 |
| | Бања Банско,Струмица | 23 |
| | ЈУ Специјален Завод Демир Капија | |
| | ЈУ Дом за стари лица | |

Извор: ЈУ МЦСР Битола

Подетално добиените податоци од ЈУ МЦСР – Битола се такви што:

➢ СИРОМАШТИЈА

- Во општина Битола по закон за социјална заштита – социјално загрозени (со ниска економска активност се корисниците на:

○ Гарантирана минимална помош  - 1078 носители (домаќинства и тоа:

- Многудетни семејства корисници на Гарантирана минимална помош:
    - 288 домаќинства со 1 дете
    - 143 домаќинства со 2 деца
    - 51 домаќинство со 3 деца
    - 12 домаќинства со 4 деца
    - 8 домаќинства со 5 деца
    - 1 домаќинство со 6 деца
    - 2 домаќинства со 7 деца

▪ Корисници на гарантирана минимална помош со статус на самец се 540 домаќинства

○ Корисниците на гарантиран детски додаток со минимален приход се со вкупен број од 557 носители (домаќинства и тоа:
    - Родителски додаток за трето  дете се 661 носител
    - Родителски додаток за четврто дете се 18 носители

- Корисници на Образовен додаток или според стар закон условен паричен надоместок се 533 носители.
- Според новиот закон за социјална заштита надоместок за енергетска сиромаштија се исплаќа на корисниците на гарантирана минимална помош и корисниците на Социјална сигурност за стари лица во период на грејна сезона за месеците Октомври до Март во износ од 1000 денари кои се усогласува со трошоците за животен стандард.

- Во 2019 година еднократна парична помош за прво и второродено дете е исплатено на 407 носители на право.
- Самохрани родители корисници на гарантирана минимална помош до седумгодишна возраст на дете е исплатена на:
    - 13 самохрани родители со 1 дете
    - 11 самохрани родители со 2 деца
    - 1 самохран родител со 3 деца
    - 1 самохран родител со 4 деца
    - 2 самохрани родители со 5 деца
- Според Државен завод за статистика во општина Битола во 2018 година има 53 разведен брак - раскината брачна заедница со правосилна пресуда од надлежен суд додека во 2019 година овој број е 74 разведени бракови
- Корисници на гарантирана минимална помош со нарушена социјална и здравствена состојба (материјално необезбедени и неспособни за работа) се:

| **Според возраст** | | **Според пол** | |
|---|---|---|---|
| **26 – 30 години** | 5 корисници | 3 мажи | 2 жени |
| **31 – 35 години** | 9 корисници | 5 мажи | 4 жени |
| **36 – 40 години** | 16 корисници | 8 мажи | 8 жени |
| **41 – 45 години** | 4 корисници | 1 мажи | 3 жени |
| **46 – 50 години** | 17 корисници | 7 мажи | 10 жени |
| **51 – 55 години** | 16 корисници | 8 мажи | 8 жени |
| **56 – 60 години** | 18 корисници | 8 мажи | 10 жени |
| **61 – 65 години** | 9 корисници | 6 мажи | 3 жени |
| **Над 66 години** | 3 корисници | 2 мажи | 1 жени |

- Паричен надоместок за помош и нега од друго лице вкупно користат 1616 лица со нарушена здравствена состојба и тоа поделено според возраст би било како што следува:

| **Возраст** | **Број на корисници** |
|---|---|
| **27 – 29** | 22 |
| **30 – 39** | 122 |
| **40 – 49** | 155 |
| **50 – 59** | 237 |
| **60 – 64** | 180 |
| **Над 65 години** | 900 |

Извор: ЈУ МЦСР – Битола

- Корисници на услуга Народна кујна односно обезбедување топол оброк за корисници на ГМП кои што во секој момент ги има околу 100 корисници кои преку еден од три пункта на различни локации во градското подрачје

подигнуваат подготвена храна во работни денови од понеделник до петок додека за викенд добиваат ланч пакети со оброци за тие два дена

- СТАРОСТ
- Во општина Битола има вкупно 80 лица евидентирани во ЈУ МЦСР – Битола кои што се над 65 годишна возраст и се материјално необезбедени и користат право на Социјална сигурност за стари лица односно социјална пензија во износ од 6000 денари
- Стари и изнемоштени лица сместени во старски дом се 23 лица
- Во општина Битола исто така има и три старечки домови од кои што два се државни а еден е приватен, и ЈУ МЦСР – Битола има склучено договор за лица кои се корисници на права од социјална заштита или се нашле во положба на социјален ризик и им е неопходно сместување во старечки дом со Дом за стари лица Сју Рајдер Битола.
- Покрај тоа во општина Битола во здружение на пензионери се евидентирани вкупно 19600 лица кои што се корисници на некаков вид на пензија.

- ПОПРЕЧЕНОСТ
- Надоместок поради попреченост се обезбедува заради поттикнување на социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, со навршени 26 години се до најдоцна 65 годишна возраст, и во општина Битола овој надоместок го користат 515 лица кои што поделени според возраст се:

| **Возраст** | **Корисници** |
|---|---|
| **27 – 29** | 7 |
| **30 – 39** | 49 |
| **40 – 49** | 42 |
| **50 – 59** | 87 |
| **60 – 64** | 60 |
| **Над 65** | 270 |

Извор: ЈУ МЦСР – Битола

- Деца категоризирани корисници на Посебен додаток се вкупно 346 корисници кои што се категоризирани како лица со пречки во ментален развој (лесни, умерени, тешки и длабоки пречки), оштетен слух (глуви и наглуви), оштетен вид (слепи и слабовидни), пречки во вербална комуникација, лица со телесен инвалидитет, аутистични, лица со даунов синдром, хронично болни лица и лица со комбинирани пречки во развој.
- Во Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост кој што е во склоп на ЈУ МЦСР – Битола и е со работно време работни денови, услугата ја користат 21 лица од кои што 12 се малолетни деца и 9 полнолетни корисници со пречки во развој, 13 се машки и 8 женски корисници, 1 лице е со телесен инвалидитет кое е малолетно дете, 5 се со пречки во

ментален развој од кои две се малолетни, 1 аутизам исто малолетник и 14 се со комбинирани пречки во разовј од кои 8 се малолетни деца.

- Во општина Битола има и 11 основни и 7 средни училишта, но училиште за деца со пречки во развој има само едно односно ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ што не значи дека во останатите училишта не посетуваат настава деца со одреден вид на попреченост, а исто така во Битола функционира и Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и други пречки во развој „Кочо Рацин“.

  Иако во општина Битола има едно основно училиште за деца со пречки во развој, тоа не значи дека во останатите училишта не посетуваат настава деца со одреден вид на попреченост, а исто така во Битола функционира и Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и други пречки во развој „Кочо Рацин“.

➢ НАСИЛСТВО

- Во ЈУ МЦСР – Битола во 2019 година се евидентирани 89 лица жртви на семејно насилство, 1 дете жртва на семејно насилство и 12 стари лица жртви на семејно насилство. Според место на живеење од 83 пријавени лица 62 се со место на живеење во град Битола додека 21 лице се евидентирани лица со место на живеење во село.

➢ ДРОГА И АЛКОХОЛ

- Во ЈУ МЦСР Битола во 2019 година се евидентирани 7 деца и 2 полнолетни корисници на наркотични droги

➢ ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

- Во ЈУ МЦСР Битола во 2019 година се евидентирани 86 деца без родителска грижа, од кои што 36 се згрижени во згрижувачко семејство, а 23 во стамбени единици за организирано живеење, 1 дете во установа и 26 деца се сместени кај блиски односно ставени под старателство.
- Во општина Битола има само една установа за деца без родители и родителска грижа - ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола.

Изработката на социјалниот план е инклузивен процес, па во обид целосно да се прилагоди на потребите кои што произлегуваат од жителите, беше воспоставена директна комуникација со здруженијата на граѓани во Општина Битола, а со цел да се разбере поблиску состојбата со давање на социјалните услуги. Преку оваа комуникација успеавме да ги идентификуваме и потребите и состојбите во самите здруженија, да собереме информации за постоечки здруженија кои што обезбедуваат услуги од различен вид, секое прилагодено и насочено кон своја област, но и за оние кои планираат во иднина повеќе да се посветат на развој на нови социјални услуги.

Во општина Битола постојат и здруженија кои што веќе работат на обезбедување на услуги од кои што некои веќе имаат преминато кон социјално претпријатие, во поглед на тоа што нудат бесплатни услуги за лица од ранливи групи, како на пример едукација, курсеви, обуки и слично кои што придонесуваат кон социјализација, ресоцијализација и реинтеграција во општеството, на сметка на тоа што трошоците ги покриваат од оние лица кои што би платиле за истите тие услуги, кои

што се целосно инволвирани во имплементација на социјални услуги во општеството, но од она што е најпотребно на овие здруженија за реализација на нивните планирани активности се финансии, како и помош од човечки ресурси и нивна едукација но значаен е и податокот дека дел од нив имаат потреба и од простории за работа, опрема и наставни средства и помагала.

Според податоците добиени од здруженија на граѓани кои што работат на полето на подобрување на социјалните услови и подобрување на квалитетот на живеење на лицата од ранливи групи односно подобрување на нивните вештини, знаења, способности но и лобирање за нивно подобро прифаќање во рамките на опшеството, во општина Битола бројот на лица со попреченост е како што е прикажано во табелата дадена подолу, поделено според пол и возраст, но мора да се напомене дека е потребно подетална анализа и прибирање на овие податоци со оглед на тоа што не сите здруженија на граѓани ги сп оделуваат своите информации, но и поради можноста да едно исто лице биде член на повеќе здруженија на граѓани во исто време.

| | Пол | | Возраст | | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Под 18 години | Од 18 до 60 години | Над 60 години | Возраст | Пол |
| Телесна инвалидност | 3 | 6 | 0 | 9 | 0 | 9 | 9 |
| Лица со пореметување на психомоториката | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Слепо | 6 | 3 | 1 | 8 | 0 | 9 | 9 |
| Наглуво | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Лице со пречки во гласот, говорот и јазикот | 2 | 2 | 4 | 0 | 0 | 4 | 4 |
| Лице со аутизам и лице со друго первазивно развојно растројство | 5 | 2 | 7 | 0 | 0 | 7 | 7 |
| Лице со лесна интелектуална попреченост | 27 | 5 | 0 | 32 | 0 | 32 | 32 |
| Лице со умерена интелектуална попреченост | 4 | 2 | 1 | 4 | 1 | 6 | 6 |
| Лице со длабока интелектуална попреченост | 2 | 2 | 0 | 4 | 0 | 4 | 4 |
| Лице со тешка интелектуална попреченост | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 | 3 |
| Самохрани родители | 23 | 2 | 0 | 2 | 0 | 2 | 25 |
| Роми | 3 | 26 | 6 | 0 | 0 | 6 | 29 |
| Деца на улица | 10 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стари изнемоштени лица | 1 | 2 | 2 | 1 | 0 | 3 | 3 |
| ВКУПНО | 92 | 60 | 25 | 63 | 1 | 89 | 152 |

Од ова може да се заклучи дека во здруженија на граѓани дел се 152 лица од ранливи групи односно 25 од нив се самохрани родители, 29 се роми и 17 деца на улица и 3 стари изнемоштени лица додека пак од лицата со одреден вид на попреченост најзастапени лица со попреченост кои што се дел од одредено здружение се лицата со интелектуална попреченост.
Покрај овие лица во општина Битола функционира и Мобилност Битола како дел од националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија во кој што членуваат граѓани кои имаат пречки во мобилноста поради телесен инвалидитет предизвикан од параплегија, дистрофија, ампутација на екстремитети, церебрална парализа, детска парализа, мултипла склероза и други невро мускулни и коскени заболувања доколку се зачувани менталните способности. Ова здружение користи како свои простории дел од просториите на ЈУМЦСР Битола, каде што покрај нив простории користат и здружение на глуви лица и здружение на слепи лица.
Според нивната евиденција[3] имаат вкупно 1122 члена од кои што:

| **Вид на попреченост** | **Број на лица** |
|---|---|
| **Церебрална парализа** | 145 |
| **Параплегија** | 87 |
| **Детска парализа** | 43 |
| **Мултипла склероза** | 136 |
| **Дистрофија** | 17 |
| **Ампутација** | 226 |
| **Други невро мускулни и коскени заболувања** | 468 |

Според статистиката направена со истражување од 2018 на примерок од 70 еднородитеслски семсејства од Битола од страна на здружение на еднородителски семејства со проекција од официјални податоци од пописот на РМ во 2002 година кога во Битола има 1959 еднородителски семејства според Завод за статистика на РСМ, каде има 28 пати повеќе од примерокот на кој е спроведено истражувањето, направена е проекција на 3000 еднородителски семејства во Битола (18 години по последниот попис) или или 43 пати повеќе од примерокот на кој е спроведено истражувањето при што добиените податоци се прикажани во следната табела.

| | **ВКУПНО ( 2018 на примерок од 70** | **1959 еднор.сем. БТ според попис 2002г.** | **претпоставка за еднор.сем. БТ за 2020г.** |
|---|---|---|---|

3 Извор: Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија

| | еднор. семејства) * | (пропорционално x 28)** | (пропорционално x 43 = 3000)*** |
|---|---|---|---|
| **(Деца од еднородителски семејства) со Телесна инвалидност** | 7 | 196 | 301 |
| **Лице со пречки во гласот, говорот и јазикот** | 1 | 28 | 43 |
| **Лица (Деца од еднородителски семејства) со најтешки облици на хронични заболувања и сериозно нарушена здравствена состојба** | 10 | 280 | 430 |
| **Лице (Деца од еднородителски семејства) со аутизам и лице со друго первазивно развојно растројство** | 9 | 252 | 387 |
| **Лице (Деца од еднородителски семејства) со комбинирани пречки** | 1 | 28 | 43 |
| **Вкупно Деца на самохрани родители со здравствени проблеми или посебни потреби ( телесна или душевна болест)** | 27 | 784 | 1161 |
| **Деца на самохрани родители** | 114 | 3192 | 4902 |
| **Самохрани родители** | 70 | 1960 | 3010 |
| **Корисници на (социјална помош по било кој основ) гарантиран минимален приход** | 19 | | |

Извор: Здруженија на граѓани

Според податоците добиени од истото истражување за потребите на здружение на еднородителски семејства во општина Битола евидентирано е дека повисок процент од самохраните родители како и целата евидентирана бројка на Роми самохрани родители припаѓа на женски род на возраст од над 18 години, додека 1,5% од самохраните родители се под 18 години.

*Табела Полова и возрасна стриктура на самохраните родители*

| | **Машки** | **Женски** | **Под 18 години** | **Од 18 до 60 години** |
|---|---|---|---|---|
| **Самохрани родители** | **17%** | **83%** | **1.50%** | **98,5%** |
| **Ромки - самохрани родители** | | 6% | | |

Извор: Здруженија на граѓани

Според регистрираниот морбидотет во Клиничка Болница Битола во 2017, 2018 и 2019 година кај населението, како ранливи категории се регистрираат следните заболувања кои се хронични, со тешка клиничка слика и потреба од постојано продолжено лекување со социјално-економски последици како за заболените, така и за општеството, а она што е забележително е што секоја наредна година овие бројќи имаат континуитет на зголемување во поглед на малигни заболувања и шеќерна болест кои што се и најзастапени и кај лица до 64 години, но и 65 и повеќе години, додека пак значително е намалувањето на броевите на лица со болести на нервен систем, шизофренија, како и системски заболувања на сврзно ткиво.

*Табела Регистриран Морбидотет во Клиничка Болница Битола*

| Дијагноза(МКБ 10) | Лекувани лица по возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | | 65 и повеќе годоини | | | до 64 години | | |
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2017 | 2018 | 2019 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Малигни заболувања (C00-C97.X)** | 1826 | 2092 | 2756 | 995 | 1114 | 1531 | 831 | 978 | 1225 |
| **Шеќерна болест(E10-E14.9)** | 246 | 255 | 285 | 116 | 100 | 131 | 130 | 155 | 154 |
| **Органски и симптоматски душевни заболувања(F00.0-F07.9)** | 7 | 11 | 11 | 6 | 9 | 10 | 1 | 2 | 1 |
| **Шизофренија и шизотипни пореметувања (F20.0-F29.X)** | 82 | 60 | 32 | 9 | 4 | 4 | 73 | 56 | 28 |
| **Душевна заостанатост (F70.0-F79.9)** | | 1 | 2 | | | | 0 | 1 | 2 |
| **Болести на нервниот систем (G00.0-G99.8)** | 269 | 191 | 172 | 114 | 94 | 82 | 155 | 97 | 90 |
| **Болести на крвните садови на мозокот (I60.0-I69.8)** | 317 | 310 | 266 | 218 | 208 | 182 | 99 | 102 | 84 |
| **Системски заболувања на сврзното ткиво (M30.0-M36.8)** | 11 | 16 | 4 | 7 | 9 | 2 | 4 | 7 | 2 |
| **Бубрежно откажување (N17-N19.X)** | 226 | 264 | 233 | 151 | 161 | 150 | 75 | 103 | 83 |
| **Вкупно** | 2984 | 3200 | 3761 | 1616 | 1699 | 2092 | 1368 | 1501 | 1669 |

Во општина Битола исто така успешно се спроведува и општинско корисна работа како воспитно образовна дејност за деца со попреченост преку обезбедување лични асистенти во наставно-воспитниот процес и/ или образовни асистенти,

деца од материјално необезбедени семејства, социјално исклучени и останати категории граѓани на кои им е потребно базично описменување, едуцирање и слично, како и лична асистенција за деца со попреченост во рамките на образовниот процес. Оваа услуга е обезбедена во рамките на проектот ОКР кој што се спроведува од 2017 година и се вклучени 20 деца со попреченост во основни и средно училиште кои што добиваат услуги од 19 образовни и 1 личен асистент во образование.

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Социјалните услуги се сите оние активности, мерки и програми наменети за спречување, идентификување и решавање на проблеми и тешкотии на поединците, семејствата, групите и заедниците и за подобрување на квалитетот на нивниот живот во заедницата. Истите се обезбедуваат на корисниците во нивната семејна и локалната заедница како вонинституционални услуги или како институционални услуги обезбедени со сместување на корисници во домови за социјална заштита.

Социјалните услуги се обезбедени со цел да им се овозможи на луѓето да живеат во заедницата и да обезбедат помош во ситуации кои го загрозуваат животот, здравјето и благосостојбата на корисниците. Целта на обезбедувањето социјални услуги е да се спречи социјалната исклученост на поединецот, да се поддржи животот во природната заедница и да се заштитат социјално ранливите групи на граѓани од кршење на нивните човекови права. Социјалните услуги ги вклучуваат сите активности, мерки и програми дизајнирани да ги спречат, идентификуваат и адресираат тешкотиите на поединците, семејствата, групите и заедниците и да го подобрат квалитетот на животот во заедницата. Социјалните услуги се организираат како услуги за деца, млади и семејство и услуги за возрасни, истовремено почитувајќи ги социјалните врски и околината на корисниците и семејствата. Социјалните услуги вклучуваат и социјални активности како активност насочена кон промовирање на правата на корисниците и поврзување на сите даватели на социјални услуги во локалната заедница со цел да се подигне квалитетот на животот на социјално ранливите групи. Социјалните услуги можат да бидат обезбедени привремено или долго време, според потребите и најдобрите интереси на корисниците.

Социјалните услуги се обезбедуваат преку голем број даватели на услуги за различни групи на корисници, кои, во зависност од нивниот официјален правен статус, можат да се поделат во институции за социјална заштита (центри за социјална заштита, домови за социјална заштита, центри за услуги во заедницата, центри за помош во дом), други правни лица (првенствено здруженија и верски заедници), физички лица кои самостојно вршат професионални активности (претежно во семејниот дом) и згрижувачки семејства.

Во изминатиот период општина Битола, заедно со сите чинители вклучени во полето на социјална заштита, посветено работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на жителите на општина Битола, но и на воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе спречат создавање на нови социјални ризици.

## 3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Во периодот кој измина општина Битола доста посветено работи на создавање на услови за обезбедување на социјални услуги преку спроведување на бројни проекти со поддршка од различни донатори, спроведувани од поголем број на институции и здруженија на граѓани кои што имаат потенцијал да преминат во социјални услуги.
Во општина Битола постојат и Здруженија на граѓани кои што веќе активно работат на обезбедување на социјални услуги или би сакале да работат на нивно обезбедување. При составување на овој социјален план тие здруженија се вклучени во обид да се добие податок за видот на услугите кои што ги обезбедуваат или би сакале да ги обезбедуваат, како и што им е потребно за тоа.

### 3.1.1. Услуги на информирање и упатување

- Согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Битола.

### 3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка

- Согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Битола.
- **Регионален ресурсен центар за слепи лица**, во зградата на општина Битола, формиран со финансиска поддршка на УНДП и 5-те општини во овој плански регион (Битола, Могила, Демир Хисар, Новаци и Ресен). Регионалниот ресурсен центар, воден од Здружение за слепи лица претставува меѓу општинска соработка за чие функционирање секоја од петте општини одвојуваат сума од 2% од вкупниот негов буџет на годишно ниво кој обезбедува обуки за изучување на брајово писмо и компјутерски обуки за слепи лица со гласовна команда.
- **Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и други пречки во развој „Кочо Рацин“** кој има предучилишен оддел, оддел за основно образование и оддел за индивидуални третмани, како и оддел за социјална заштита.
- **Здружение на еднородителски семејства** кое најмногу работи на полето на социјалната превенција, но организира и одржување на мотивациски работилници за вклучување на пазарот на труд, зголемување на вештини

и компетенции за вклучување на пазарот на трудот (курсеви, обуки, инфо средби за активни мерки, со занаетчиски комори, со работодавачи, итн)

### 3.1.3. Услуги на советување

- Согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Битола.
- **Ресурсен центар како родителски национален сервис,** здружение на граѓани со мисија да им служи на сите деца и лица со посебни потреби и нивните семејства преку обезбедување на поддршка, помош, пристап до информации, обезбедување на остварување на нивните права и овластувања во сите сегменти на животот, успешна социјална инклузија и подигнување на јавната свест и одговорност на национално ниво.
- **Здружение на еднородителски семејства** дава психолошка и социјална поддршка на родителите за време на развод и после развод, психолошка и социјална поддршка на децата за време на развод и после развод, правна подрдршка  на родителите во тек на развод и во облик на катче за самоподдршка меѓу членовите.

### 3.1.4. Услуги во домот

Нега на стари лица во домашни услови

- Во општина Битола како еден од позначајните фактори во граѓанскиот сектор се јавува и Црвен Крст кој што работи на полето на обезбедување на нега на стари лица во домашни услови, програма која што поради состојбата на пандемија со Ковид 19 е одложена и е предвидена да започне во октомври 2020 година и ќе опфати вкупно 45 стари лица опслужени од 15 сертифицирани негователи.

Лична асистенција

- Црвен Крст ја обезбедува и услугата лична асистенција за лица со попреченост, која што во овој момент вклучува 15 лица со  попреченост и 11 сертифицирани лични асистенти.

### 3.1.5. Услуги во заедницата

Услуги за дневен престој

- **Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост** во склоп на ЈУ МЦСР – Битола и е со работно време работни денови, започнувајќи од 6:30 наутро се додека има потреба, во зависност од родителите, каде што услугата ја користат 21 лица од кои што 12 се малолетни деца и 9 полнолетни корисници со пречки во развој, 13 се машки и 8 женски корисници, 1 лице е со телесен инвалидитет кое е малолетно дете, 5 се со пречки во ментален развој од кои две се малолетни, 1 аутизам исто малолетник и 14 се со комбинирани пречки во развој од кои 8 се малолетни деца.

- **Центар за Ран детски развој** кој што работи со ромска популација преку активности за поддршка на образованието на децата во основно и средно училиште и поддршка на студентите запишани на факултет.
- Два пензионерски клуба, во соработка со здружение на пензионери Битола кое е едно од најстарите здруженија на Република Македонија, формирано во 1946 година и функционира како невладина, доброволна организација, организирана во 30 урбани заедници. Во своите редови ги вбројува и пензионерите од општините Новаци и Могила, кои се засебни урбани единици. Со своето бројно членство од повеќе од 16 000 членови е најголемото пензионерско Здружение во Македонија.

Услуги за реинтеграција и ресоцијализација

Во општина Битола овие услуги генерално се даваат од страна на здруженија на граѓани и тоа:

- Центар за едукација кој што работи на обезбедување на бесплатни обуки за лица од ранливи категории, организирани на тој начин што лицата посетуваат обука заедно со лица од друг вид на ранливост, но и со лица кои што не припаѓаат на одредена ранлива група,
- здружение кое што работи на ресоцијализација преку фолклорна, уметничка и спортска програма за деца со попречености (учество во фолклорен ансамбл, спортски тренинзи, кошарка, пливање, фитнес),
- здружение кое што работи со лица со интелектуална попреченост и чии членови се лица над 18 години и согласно нивните можности најголем дел сеуште можат да бидат вклучени во работен процес, односно ова здружение има за основна цел вклучување на лицата со интелектуална попреченост на пазарот на труд согласно нивните можности и способности,
- здружение чие поле на дејствување е ромското население односно создавање на подобри услови за образование на деца роми кои што се вклучени во центар за Ран детски развој
- здружение кое ги вклучува децата со посебни потреби во култура (имаат сопствени простории)
- Здруженијата на граѓани кои работат со лица со телесен инвалидитет, глуви и слепи лица за сопствени потреби ги користат просториите на ЈУ ЦСР Битола, додека Црвен Крст Битола, здружение за лица со интелектуална попреченост и здружение за ромски деца и прашања користат простории од општина Битола, урбани заедници како и здружение кое работи на спортско рекреативна рехабилитација на деца со посебни потреби користи простории на основно училиште.

Интересно е да се одбележи дека станува видлива и потребата за социјална превенција, па така Здружението на еднородителски семејства има развиено свој сервис за своите членови и дава услуга за чување на деца во времетраење од 2 до 4 часа. Ова е еден вид на воспоставена група за поддршка и самопомош на граѓани со сродни социјални проблеми, што е позитивен пример и треба да поттикне и други случни иницијативи, кои може да прераснат во идни социјални услуги.

Услуги за привремен престој

- Шелтер центар за жртви на семејно насилство во одговорност на ЈУ МЦСР Битола.
- Во склоп на Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и други пречки во развој „Кочо Рацин“ е вклучен и социјално-заштитен оддел (ИНТЕРНАТ) кој ги обезбедува пред се основните егзистенцијални услови за образование и воспитание на учениците надвор од местото на живеење (сместување, исхрана, нега и превентивна здравствена заштита). Тука, децата со различни пречки во развојот, се стекнуваат со потребни знаења и работно-културно-хигиенски навики. Опфатени се во групи, за кои покрај негувателите кои се грижат за негата, личната хигиена и создавање хигиенски навики кај учениците, воспитувачите - недефектолози делуваат на создавање можности за задоволување на индивидуалните потреби, желби и интереси на детето и позитивно исполнување на слободното време. Здравствениот персонал (доктор и медицинска сестра) во континуитет ја следат здравствената состојба на учениците и вршат превентивна здравствена заштита. Социјалниот работник какао застапник на децата и родителите пред надворешни институции и соработници ја координира работата на одделот и воедно претставува мост помеѓу семејството, заводот и локалната заедница.

### 3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита

Во ЈУ МЦСР Битола во 2019 година се евидентирани 86 деца без родителска грижа од кои што:
Живеење со поддршка - 23 во стамбени единици за организирано живеење,
Згрижување во друго семејство - 36 се згрижени во згрижувачко семејство и 26 деца се сместени кај блиски односно ставени под старателство.
Сместување во установа - 1 дете

Сместување во установа

- Во Битола постојат три старечки домови од кои што еден државен и два се приватен. Најголемиот од нив е Јавната Општинска Установа Дом за стари лица Сју Рајдер Битола, која е јавна установа за социјална заштита, чија надлежност и дејност се утврдени со Законот за социјална заштита. Дејноста на Установата е сместување на стари, изнемоштени и хронично заболени лица, возрасни и стари лица кои заради разни околности се нашле надвор од местото на живеење, без средства за живот или се без постојано сместување. Услуги кои ги нуди установата се: сместување, исхрана, помош, нега, здравствена заштита, културно-забавни, работни, рекреативни активности, услуги на социјална работа, работно производна активност, работна терапија и сл. Установата располага со капацитет од 150 легла. Установата има два павиљони во кои има 70 станбени единици во кои се згрижуваат корисниците на услуги, во зависност од нивната здравствена положба и пол. Располага со сопствена кујна во која се приготвуваат 3 оброци дневно за секој корисни. Останатите два старечки домови се „Битола“ кој се наоѓа во просториите на стариот хотел Битола и каде што хотелските соби се пренаменети во соби за стари лица и „Св. Спас“ кој е лоциран во село Кравари.
- Во општина Битола има четири мали групни домови во кои се сместени деца до три годишна возраст без родителска грижа.

- Установа за деца без родители и родителска грижа ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола.

## 3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Како би се постигнале подобри услови за живот, но и подобра и посилна заедница, општина Битола во наредниот период има предвидено развој на нови социјални услуги и поддршка за подобрување на постоечките. Најголем дел од услугите кои што се понудени од здруженијата на граѓани, од кои што дел веќе преминуваат и во социјални претпријатија, се поддржани од донаторска поддршка, преку финансирани проекти, или преку самофинансирање, па е неопходно да се воспостават како долгорочно стабилни социјални услуги. Покрај вложување на сопствените средства Општината тесно ќе соработува со МТСП, ќе развива соработки со донатори и ќе имплеметира проекти и грантови, се со цел овие услуги да да бидат овозможени на што е можно поголем број на корисници кои имаат потреба од нив.

Еден од проблемите кој се провлекува низ изминатите години, а е предуслов за идните социјални услуги, е воведувањето на организиран превод до/од Дневниот центар за лица со телесна и интелектуална попреченост. Со цел обезбедување на пристапност на услугите до поголем број на корисници, особено за лицата од руралните средини кои поради финансиски и човечки ресурси не можат секојдневно да патуваат на сопствен трошок, Општината преку набавка на 4 возила ќе обезбеди **адаптиран превоз на лица со потешка инвалидност**.

### 3.2.1. Услуги на информирање и упатување

Покрај тоа што ЈУ МЦСР Битола ја има основната улога во овој поглед, оштината размислува и самостојно да ја дава услугата на инфорирање и упатување, преку вработување на стручни лица.

- Споделување на информации за можности за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на Центарот за вработување.
- Давање дополнителна помош и поддршка за искористување на правата од социјалната и здравствената заштита и можностите поврзани со активација и вработување. (согласно Законот за вработување на инвалидни лица, Годишните програми за самовработување, согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, итн)
- Изработка на мобилна апликација за пристапност на лица со попреченост, која е во фаза на планирање и би била изготвена со цел да го олесни информирањето за пристапни места и послесна мобилност.

### 3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка

Во иднина се планира покрај стручната помош и поддршка обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Битола согласно член 72 од Законот за социјална заштита да се продолжи:

- **одржливоста на регионалниот ресурсен центар за слепи лица**, кои што ќе продолжат со обезбедување на обуки за изучување на брајово писмо како и компјутерски обуки за слепи лица со гласовна команда како и да започне со обуки за лични асистенти за слепи лица, како и обука за просторно ориентирање за слепи лица.
- **поддршка на здруженија на граѓани** кои што веќе даваат стручна помош и поддршка на лица од ранливи групи , со цел да се поттикнат секое од нив да обезбеди што е можно поголема поддршка за граѓаните секој од својата област на делување, согласно на приоритетните групи на граѓани кои што се одредени од ЈУ МЦСР Битола. Соработката со здруженијата на граѓани и користење на нивните стручни услуги е важна и како одговор на тековните потреби, како што се психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство и корисници на наркотични дроги.

Дополнително:

- Активно ќе се работи и на поддршката при организирање на обуки за работно оспособување на лица од ранливи категории, како и нивниот личен и професионален развој. Оваа услуга во целост ќе ја поддржува реинтеграцијата и ресоцијализацијата, и заедно со услугата информирање и упатување ќе сочинува пакет од услуги. Ова е во контекст на реструктуирањето на работата на Центрите за социјална работа и работењето на случај кај идентификуваните лица во социјален ризик.
- Со оглед на тоа што сите евидентирани самохрани родители Роми, се всушност жени, меѓу кои и малолетни мајки, многу е важно да се обрне посебни внимание при пружањето стручна помош, земајќи ги во предвид културните и социјалните услови во кои живее лицето.

### 3.2.3. Услуги на советување

Општина Битола и во иднина ќе продолжи да дава поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува МТСП. Во целост ќе се поддржи работата на граѓанските здруженија кои во моментов даваат услуги, но и ќе се мотивираат да ги лиценцираат услугите.
Од мапирањето произлезе потреба и за отворање на **Сос линија** во рамките на советувалиштето за жртви на семејно насилство во надлежност на ЈУ МЦСР Битола и програма за економско зајакнување за жртви на насилство.

### 3.2.4. Услуги во домот

<u>Нега на стари лица во домашни услови</u>

Идентификувана е потреба од проширување на постоечката услуга за нега на стари лица во домашни услови. Неопходно е зголемување на капацитетите, пред се човечките капаците, за што општина Битола во соработка со ОО Црвен Крст – Битола ја аплицираше потребата како проект на Јавниот повик за Социјални услуги од страна на МТСП со Светска Банка. Во тек е процесот на избор на проекти кои ќе го добијат финансирањето. Проектните активности опфаќаат формирање и опремување на Центар за давање на социјални услуги на стари, осамени и изнемоштени лица во домашни услови, обезбедување на социјална и здраствена грижа на истите, едукација на невработени лица со помош и поддршка во домашни услови на наведената категорија на лица и набавка на моторно возило за спроведување на активностите.
Со оглед на континуираното зголемување на бројот на лица со малигни заболувања и шеќерна болест, давателите на услугата мора да бидат соодветно обучени за работа со болни корисници.
Предвидено е да се обучуваат 20 негуватели за грижа на стари во домашни услови на квартално ниво, за првата година обучени 60 негуватели за грижа на стари во домашни услови со што ќе се опслужани над 60 корисници во првата година со нега и остварени над 230 часа нега во домашни услови.

<u>Лична асистенција</u>
Во иднина ќе се продолжи со оваа услуга од страна на ОО Црвен Крст – Битола која што покрај постоечките 15 лица со попреченост и 11 сертифицирани лични асистенти ќе вклучи дополнителни 18 лица со попреченост и дополнителни 9 лични асистенти кои што се финансирани од страна на МТСП. Со новообучените лични асистенти вкупниот број на лични асистенти ќе премине во 20 лица кои што ќе бидат во можност да опслужат 40 корисници.

Обезбедување лични асистенти - толкувачи на знаковен говор што на глувите лица ќе им помагаат низ институциите.

**3.2.5. Услуги во заедницата**

<u>Услуги за дневен престој</u>

- Во иднина се планира да се продолжи со поддршка на постоечките услуги, преку поддршка на **зголемување на постоечките капацитети[4],** односно зголемување на капацитетот на згрижување на лица во дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост во склоп на ЈУ МЦСР – Битола како и набавка на возило како би се олеснил транспортот на неговите корисници. Услугите ќе бидат проширени со тоа што ќе вклучува лица со попреченост, над 18/26 години, кои во моментот го посетуваат Дневниот центар каде старосната граница е до 18/26 години, заради што нема слободни места за помлади лица кои имаат потреба од оваа услуга, како и ран третман на деца со попреченост, до 6 годишна возраст, каде ќе се нудат индивидуални третмани со цел подобрување на состојбата од најмала возраст.
- **Центар за дневен престој за деца со посебни потреби** по училиштата со главна цел образовна подршка на учениците со попреченост и потешкотии во учењето. Ќе се започне со престој во рамките на ОУ „Климент Охридски“

4 Ова подразбира вработување на сите потребни профили на стручни лица за Дневниот центар за лица со попреченост, и тоа логопед, психолог и социјален работник, а со цел формирање на комплетен тим за работа со лицата што го посетуваат.

во Битола во кое учат 9 ученици со попреченост и 20 со потешкотии во учењето и истите би биле примарна целна група опфатена со проектните активности. Улогата на Центарот за дневниот престој е да помогне во раната интервенција, соодветен третман, индивидуална подршка и едукација на учениците со попреченост и потешкоти во учењето во насока на подобрување на нивните когнитивни, бихејвиорални, социјални вештини и способности. Вклучувањето на детето со попреченост во редовната настава и во Центарот за дневен престој ќе му овозможи на детето целодневно згрижување, едукација, социјализација и планирање на слободните активности. Формирањето и организирањето на Центарот за дневен престој нуди социјални услуги со доминантна образовна дејност опфаќајќи ги учениците со попреченост и потешкотии во учењето, но во исто време нуди и комбинирани социјални услуги кои се насочени кон зајакнување на способностите, знаењата и вештините на родителите за соодветна подршка на нивните деца во однос на совладување на образованите индивидуални цели, за разбирање на периодите на одрастување на нивните деца и нивно успешно надминување, како и соодветна подршка на родителите во изградувањето на самостојни и функционални личности кои во иднина ќе станат активни членови во заедницата.

- Покрај пензионерски клубови ќе се отвори и **Дневен центар за активно стареење** за стари лица кој што ќе функционира како клуб каде што старите лица ќе се социјализираат, но и активно ќе се вклучат во општеството. Потребно е ангажирње на кооринатор за спроведување на активности, за да може да се следи програмата која ќе гарантира здраво и активно стареење, кое подразбира одржување на физичката и психичката форма преку прилагодени едукативни, спортски и креативни содржини, но и стекнување на нови вештини и знаења кои можат да им обезбедат социјално вклучување.
- Формирање на **младински клуб** со содржини за развој на креативни активности: музика, филм, театар, компјутерски дизајн, развој на спортски активности во склад со просторот, шаховски клуб, маси за пинг - понг на расклопување, итн. Клубот би се користел и од давателите на услуги за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, за да се обезбеди интеграција и да се превенира стигматизација или дискриминација.
- Здружението на еднородителски семејства развива свој **сервис за доедукација на деца** 2 до 4 часа вклучително и деца со посебни потреби, сервис за помош на децата од училишна возраст при учење и пишување на домашни задачи на деца, вклучително и за деца со посебни потреби.
- Исто така има и продолжување со работа на Центарот за ран детски развој за деца роми кој ќе прерасне во **Центар за кариерно советување** за образование на деца роми и нивните родители. Во постоечкиот објект во УЗ Таки Даскалот потребно е адаптирање на дел од просторот, негово опремување и ангажирање на двајца едукатори.

<u>Услуга на интеграција и ресоцијализација</u>

Со оглед на големиот број на граѓански здруженија кои веќе имаат искуство во давање услуги, заложбата на општина Битола ќе биде мотивација и нивна поддршка во комплетирање на лиценцирање на услугите во согласност со Правилниците кои произлегуваат од Законот за с оцијална заштита. Во оваа насока ќе продолжи соработката со сите оние кои и во моментот даваат услуги, но ќе се работи и на проширување на можностите, на пример поддршка на здружение кое што работи со лица со интелектуална попреченост кое покажува интерес за имплементација на социјални услуги кои што

би го подобрил животот на нивните штитеници, преку дневен центар во кој што лицата би се подготвиле за да самите остварат средства за егзистенција.

- Планиран е и еден сосема нов модел на услуга - **Мултифункционален простор Дневна соба на градот** која ќе се дава во едукативен, креативен и пред се информативен простор[5] во НУУБ „Св. Климент Охридски". Намената е за лица од социјално и здравствено ранливи категории за јакнење на нивните капацитети со цел полесна интеграција во средината, и ќе подразбира комбинирана работа со корисници.

- Сегашните идентификувани бројки за пасивни жени баратели на работа, невработени над 55 години, НКВ невработени и долгорочно невработени, општината ги гледа како потенцијал и ресурс за развој на сервисните услуги. Со соодветна обука или преквалификација/доквалификација тие може да се ангажираат кај провајдери/здруженија на граѓани – даватели на услуги, да се оспособат и да станат самостојни даватели на услуги, но и да се здружат и да формираат/бидат дел од социјалните претпријатија.
- Во зависност од приоритетите на општината и повиците за активација на УНДП ќе се идентификуваат приоритетни групи за следните 3 години. Според тоа ќе се продолжува и учеството во проектот за Општинско корисна работа.
- Согласно со Годишната програма за активните мерки за вработување и барањата на невработените лица, очекувано е да се активираат мерките за бараните занимања и со нив да се влијае на намалување на невработеноста кај различни категории на лица во ризик.
- Индикаторите за економски развој на Битолскиот регион и можностите кои се темелат, пред се, на природниот фактор (земјоделството, шумарскиот потенцијал, минералното богатство, итн) во комбинација со услугите за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, може да одиграат позитивна улога за самовработување (отпочнување сопствен бизнис) кај лицата кои се корисници на право на паричен надоместок согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок согласно Законот за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост во државата(скоро 1000 лица). За нив клучно ќе биде да се креираат услуги со кои ќе се даде поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за само/вработување, поддржано со психо-социјална поддршка и менторство.

---

5 Просторот е е ден од планираните **мултифункционални центри** во градот. Целта е отварање на современи урбани центри од отворен тип во фунција на сите граѓани со посебен фокус на работа со лица од ранливи категории но сепак овие центри ќе бидат општински центри каде секој ќе има право и можност да дојде, помогне или му биде помогнато со што ќе се придонесе при намалување на оној јаз на сепарација и сегрегација помеѓу граѓаните, односно современ центар за социјализација и спортски активности на сите граѓани пред се лицата со попреченост. Целта на овој проект е отворање на центри кои што ќе служат како прибежиште на лицата од ранливи категории во град Битола, каде што тие ќе бидат во можност да се социјализираат, едуцираат, бидат општествено активни членови, ќе развиваат способности и вештини кои подоцна ќе бидат во можност да ги искористат, но и ќе биде центар каде што здруженијата би користеле простории за свои цели, и место каде што ќе се надминат стереотипите и предрасудите меѓу граѓаните.

Важно е да се напомене дека за општина Битола од голема важност е и социјалната превенција, и во таа насока ќе се работи на поддршка на активности кои ќе придонесат спречување на социјални проблеми. Еден таков пример е искористување на работата на извидничкиот одред и давање поддршка да вклучи деца и млади од социјално ранливи категории во својата извидничката програма, за да се избегне нивно социјално исклучување. Исто така тековно ќе се работи да се најде решение за проблемите кои бараат мултисекторски пристап, како на пример да се осмисли дополнителна помош и поддршка за дел од 540-те домаќинства, корисници на гарантирана минимална помош со статус на самец, со цел да се надмине нивната социјална исклученост. Се размислува и за развивање на волонтерската работа со цел унапредување на различни аспекти од секојдневниот живот на населението, и меѓусебна поддршка на различни ранливи групи.

Услуга за привремен престој

- **Прифатилиште за бездомни лица** во соработка на ОО Црвен крст кои имаат привремени објекти ќе се обезбедат средства за режиски трошоци, храна и облека.
- **Интервентен привремен престој за деца жртви**, деца во ризик и деца во судир со законот (Прифатен центар за времено, итно згрижување на деца од моментот на пријавување на настан во СВР се до трајно решение за згрижување на децата. ) Се бара простор во рамките на Мајчин дом од 60м2 да се адаптира и опреми, а исто така и вработување на стручни лица во надлежност на ЈУ МЦСР – Битола.

### 3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита

Живеење со поддршка

- Според податоците добиени од спроведеното мапирање во општина Битола се установи потреба од обезбедување на стамбени единици за сместување на лица со попреченост над 26 годишна возраст.
- Мали групни домови за деца. Општина Битола има постоечки објект во поранешната касарна со површина од 1483 м2 кој може да се реконструира и адаптира за мали групни домови.

Згрижување во семејство

- Иако оваа услуга е управувана од МТСП, општината може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување згрижувачки семејства со цел згрижување на лицата во нивната општина.

Сместување во установа

- **Дом за стари лица** потреба од нови домови. Општина Битола нема локација за изградба на дом за стари лица но во тек е изградба на три домови во сопственост на приватни лица.

## 3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Промените се случуваат во обичниот ритам на животот, заради некои ризични настани, претставуваат голема загриженост за населението и општеството. Социјалните ризици се глобален феномен, имаат неповратни и директни импликации врз општеството, предизвикуваат големи предрасуди, во зависност од културниот, политичкиот и економскиот контекст во кој се појавува оваа појава. При дефинирање на концептот на социјален ризик, се преземаат неколку пристапи кои ги рефлектираат мултидисциплинарен карактер и комплексноста на домените за применливост.
Социјалните ризици претставуваат веројатност за појава на закани и неизвесности што се јавуваат како резултат на модернизација на општеството, што значи неповратна штета за сите форми на живот. Социјалните ризици претставуваат клучни фактори за економска и социјална кохезија, кои придонесуваат за зголемување на квалитетот на животот на локалната заедница. Социјалниот ризик се однесува на можноста за потенцијално социјално нарушување, конфликти и социјална штета, предизвикано од фактори на несигурност од различни области. Современите социјални ризици се однесуваат на опасности и несигурност од систематскиот процес на модернизација.
Со изработката на овој Социјален план, меѓудругото, ги идентификуваме постоечките социјални ризици и правиме приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги. Според состојбите во општината прикажани погоре, најголеми социјални ризици во општина Битола се:

- Старост
- Попреченост
- Ромски прашања
- Деца без родителска грижа
- Сиромаштија / Бездомни лица
- Зависници
- Насилство
- Деца во судир со законот

### 3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни капацитети |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Стари лица | 1.1 Стари лица 62 + ,<br>1.2 Стари лица со деменција и Алцхајмерова болест<br>1.3 Стари изнемоѓтени лица<br>1.4 Стари лица со хронични болести | - Услуги во заедницата (услуга на дневен престој)<br>- Услуги на советување<br>- Услуга на вон-семејна заштита (сметување во установа)<br>- услуга во домот (помош и нега во домот-мобилен тим) | - Социјален работник<br>- Педагог,<br>- Психолог,<br>- Медицински персонал | - Услуга во домот (помош и нега во домот)<br>- Услуга во заедницата (дневен престој)<br>- Услуга на вон-семејна заштита (живеење со поддршка) | - Координатор<br>- Сертифицирани негуватели/ки<br>- Физиотерапевти |
| 2. Лица со попреченост | 2.1 Лица со физичка попреченост<br>2.2 Лица со интелектуалн а попреченост<br>2.3 Лица со аутизам и даунов синдром<br>2.4 Лица со комбинирана попреченост | - Услуги во заедницата (услуга на дневен престој)<br>- Услуга на советување<br>- Услуга на информирање и упатување | Вработени Во ЈУ ЦСР Битола, Лица Вработени Во Специјален Завод За Деца Со Проблеми Во Говор И Слух Кочо Рацин,<br>- Образовни асистенти | - Услуга во домот (лична асистенција)<br>- Услуга во заедницата (услуга на дневен престој)<br>- Услуга на вон-семејна заштита (живеење со поддршка и згрижување во друго семејство) | - Координатор<br>- Социјален работник<br>- Сертифицирани лични асистенти<br>- Психолог<br>- Специјален едукатор-рехабилитатор<br>- Дефектолог<br>- Логопед |
| 3. Ромски | 3.1 Жена | - Услуги на | Здруженија на | - Услуги на | - Социјален работник |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| прашања | ромка<br>3.2 Деца и младинци<br>3.3 Невработени Роми<br>3.4 Роми во социјален ризик | информирање и упатување<br>советување<br>- Услуги на стручна помош и поддршка | граѓани<br>Лица од образовни институции<br>ЈУ ЦСР Битола | инфорирање и упатување<br>- Услуги на советување<br>- Услуги на стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата (ресоцијалзиацација, реинтеграција и активација) | - Психолог<br>- Ромски медијатори<br>- Тренинг провајдери<br>- Едукатори<br>- Правник |
| 4. Деца без семејна заштита и деца во ризик | 4.1 Деца без родители и родителска грижа<br>4.2 Деца на улица<br>4.3 Деца од семејства со нарушени односи<br>4.4 Деца во судир со законот | - Услуга во заедницата (услуга на дневен престој) | МВР Битола<br>ЈУ ЦСР Битола | - Услуги на советување<br>- Услуги во зедницата (услуги за дневен и привремен престој-<br>- Услуги за вон-семејна заштита (живеење со поддршка и згрижување во семејство) | - Социјален работник<br>- Психолог<br>- Едукатор/ рехабилитатор<br>- Асистенти за асистивно живеење |
| 5.Сиромаштија | 5.1 Невработени лица<br>5.2 Долгорочно невработени лица<br>5.3 Невработени млади лица<br>5.5 Лица во | - Топол оброк<br>- ЕПП од општина Битола<br>- Социјален погреб<br>- Социјални пакети | - Лица вработени во ЈУ ЦСР Битола<br>-Црвен Крст Битола | - Услуги за информирање и упатување<br>- Услуги за советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата | - Правник<br>- Социјален работник<br>- Тренинг провајдери<br>- Психолог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | социјален ризик<br>5.6 Бездомни лица | | | | |
| 6. Лица за дрога-алкохол и хазарт | 6.1 Лица зависници од наркотични средства<br>6.2 Лица зависници од алкохол<br>6.3 Лица зависници од коцкање | - Услуги за советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка | Медицинска Помош<br>Психолог<br>Психијатар<br>Здруженија На Граѓани | - Услуги за советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата | - Психолог<br>- Психијатар<br>- Социјален работник<br>- Рехабилитатор |
| 7.Насилство | 7.1 Жени жртви на семејно насилство<br>7.2 Деца жртви на семејно насилство<br>7.3 Мажи жртви на семејно насилство<br>7.4 Жртви на насилство надвор од дом | - Услуги во заедницата (услуга за привремен престој) | Лица од МВР и ЈУ ЦСР Битола | - Услуги на советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата (рехабилитација, ресоцијализација, услуга за привремен престој) | - Социјален работник<br>- Психолог<br>- Правник<br>- Едукатор/ рехабилитатор<br>- Работен терапевт |

## 4. Потребни капацитети и финансиска поддршка

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во | Капацитет / опфат (број | Потребни финансиски | Извори на финансирањ | Планирана соработка | Време / период на |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | на корисници, површина, територија, итн) | средства | е или начин на прибирање на потребните финансиски средства | со: | реализација |
| Услуги на информирање и упатување | Информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на Центарот за вработување, но и дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјалната и здравствената заштита и можностите поврзани со активација и вработување. | Постоечки ресурси на ЗГ, обезбедено инфо катче во простории на Општината | Лица од ранливи групи на ниво на општина Битола | 253.200 ден x 4 год. =1.012.800 ден за вработување | Буџет на општина Битола | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, НВО | 4 год. |
| | Изготвување на мобилна апликација за пристапност на лица со попреченост | // | Лица од ранливи групи на ниво на општина Битола | 100.000 | Општина Битола | НВО | 4 год. |
| | Во рамките на | Набавка на | Жртви на | 300.000 | Донации | МТСП, ЈУ | 4 год, |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | постоечкото советовалиште за жртви на семејно насиилство во рамките на ЈУ МТСП Битола да се воведе СОС телефон и програма за економско зајакнување за жртви на насилство | телефонска централа<br><br>вработување на две стручни лица | насилство | 4.000.000 | МТСП | МЦСР - Битола, НВО | |
| Улуги на стручна помош и поддршка | Регионален ресурсен центар за слепи лица – одржливост | Центарот е формиран со поддршка на УНДП и 5 те општини.За негово функционирање изготвен е елаборат според кој на годишно ниво потребни средства за функционирање се 1.500.000 ден од кои побаруваме од МТСП 1.000.000 ден . а општините според Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка ќе финансираат со 2% од буџетот за финансирање на Здруженија на граѓани и фондации | Лица од ранливи групи (слепи лица)на ниво на општина Битола и регионот | 4.000.000 ден<br><br>1.000.000 ден<br><br>1.000.000 ден | МТСП<br><br>Општини Битола, Демир Хисар, Новаци, Могила , Ресен<br><br>Чланари на членовите | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, здружение на слепи лица, Општини | 48 месеци |
| Услуги на советување | Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни | Потребно е Јакнење на човечки капацитети, обезбедување на опрема | Лица од ранливи групи на ниво на општина Битола | 400.000 ден<br><br>400.000 ден | Донатори – грантови,<br><br>Буџет на општина Битола | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, НВО | 4 год. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | категории граѓани во социјален ризик (жртви на семејно насилство, роми, лица со попреченост) | | | | | | |
| Услуги во домот | Обезбедување на нега на стари лица во домашни услови | Јакнење на човечки капацитети обуки, опрема, ангажирање на 15 негователи | 120 лица | 4 x 9636.000= 38.544.000 ден<br><br>300.000 обука x 4год. =1.200.000 ден | Донатори – грантови, Светска Банка МТСП<br><br>ОО Црвен крст | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, ОО Црвен крст | 4 год. |
| Услуги во заедницата | Обезбена е услугата за згрижување на лица во постоечкиот дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост за поголема целна група кој е под ЈУ МТСП –Битола | Потребно е нови вработувања и набавка на возило за превоз на корисниците | 40 лица | 4.000.000 Плати<br><br>1.600.000 возило | МТСП<br><br>Донатори – грантови, | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, НВО | 4 год. |
| | Формирање на Мултифункционални центри од отворен тип со посебен акцент на ранливи категории на граѓани | Реконструкција на простор во Урабани заедници,опрема Вработување Режиски трошоци | Лица од ранливи групи на ниво на општина Битола | 6.000.000 ден<br><br>600.000 ден | Донатори – грантови,<br><br>Буџет на општина Битола | Општина Битоа во соработка со Здруженија на граѓани и локални институции, МТСП | 48 месеци |
| | Мултифункционален простор дневна соба на градот едукативен, креативен и пред се информативен простор | Реконструкција на простор во НУУБ „Климент Охридски“и опрема | Лица од ранливи групи на ниво на општина Битола | 2.000.000,<br><br>1.000.000 | Донатори – грантови,<br><br>НУУБ „Климент Охридски“ | Општина Битоа во соработка со Здруженија на граѓани и локални | 48 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | институции МТСП | |
| | Обезбедување на кариерно советување за за образование на деца роми и нивните родители . Во моментот се обавува оваа услуга но е потребно проширување на просторните капацитети и опфатот на целната група покрај деца и родителни, | Обезбеден е простор во УЗ „Таки Даскалот“ дел е реновиран дел потребно е да се реновира и опреми , ангажирање на две лица | Лица од ранливи групи- роми на ниво на општина Битола | 2.000.000 ден,<br><br><br>1.000.000 ден | Донатори – грантови,<br><br>Буџет на општина Битола | МТСП, НВО | 4 год. |
| | Дневен престој за деца со посебни потреби по основните училиштата | Реконструкција на простор (училница) во училиштата , опрема | Лица од ранливи групи на ниво на општина Битола | 3.600.000 – прва год. | Донатори – грантови, | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, НВО | 4 год. |
| | Центар за активно стареење | Простор обезбеден и опремен во сопственост на Здружението на пензионери.Потребно е ангажирање на 1 координатор | Стари лица на ниво на општина Битола 19.600 | 253.200 ден х 4 год.= 1.012.800 ден .<br>250.000 ден режиски трошоци | МТСП,<br><br>Здружение на пензионери | Општина Битоа во соработка со Здруженија на граѓани и локални институции МТСП | 4 год. |
| | Прифатилиште за бездомни лица | Има привремени објекти во рамките на Црвен крст потребни се средства за режиски трошоци и храна и облека | бездомници | 180.000 ден год х 4 год.=720.000 ден | МТСП<br>Буџет на општина Битола | МТСП, ЈУ МЦСР – Битола, ОО Црвен крст | 4 год. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Интервентно прифатилипта за деца жртви, деца во ризик и деца во судир со законот (Прифатен центар за времено, итно згрижување на деца од моментот на пријавување на настан во СВР се до трајно решение за згрижување на децата. ) | Реконструкција на објект во рамките на Мајчин дом 60м2 опрема<br><br>вработување на стручни лица | деца жртви, деца во ризик и деца во судир со законот | 3.000.000<br><br>4.000.000 | Донатори – грантови,<br><br>МТСП | општина Битола, МТСП, ЈУ МЦСР Битола | 4 год. |
| Услуги за вон-семејна заштита | Услуга во мали групни домови | Реконструкција на објект во сопственост на Општината површина 1483м2 | Лица од ранливи групи на ниво на општина Битола | 1.000.000 Техничка документација<br><br>7.000.000 реконструкција | Донатори – грантови, | Општина Битоа во соработка со Здруженија на граѓани и локални институции МТСП | 4 год. |

## 5. Лиценцирање на даватели на услуги

Според законот за социјална заштита МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање социјални услуги. Соодветно на потребите на новите социјални услуги ќе се врши дополнително лиценцирање согласно со правилниците кои произлегуваат од Законот.
Во моментот Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Битола е единствен субјект лиценциран како сервис провајдер е Црвен Крст Битола.

## Прилог – одлука за формирање на општински совет за социјална заштита

Врз основа на член 22 член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 141 и 142 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр.104/19 и 146/19 ) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на општината Битола на седницата одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
### за формирање на Општински Совет за социјална заштита

Член 1

Со оваа Одлука се формира Општински Совет за социјална заштита како советодавно и координативно тело заради остварување на соработката и зацврстување на влијанието во делот на социјалната заштита

Член 2

Општинскиот Совет за социјална заштита има за цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на социјалната заштита преку развивање на локални мерки и активности

Член 3

Општинскиот Совет за социјална заштита е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации, во следниот состав:

1. Претставници од општинска администрација
2. Претставници на Советот на Општина Битола
3. Претставник од сектор за внатрешни работи
4. Претставник од Основно Јавно обвинителство
5. Претставник од Клиничка болница
6. Претставник од Центарот за вработување
7. Претставник од ЈЗУ „Здравствен дом“
8. Претставници од Центар за социјални работи
9. Претставник од Бирото за развој на образованието
10. Претставници на Здруженија на граѓани
11. Претставници на Урбани заедници
12. Претставници од религиозните заедници

Советот е отворен за соработка и со други субјекти и во својата работа ќе ги вклучува при разгледување на одредени прашања во зависно од темата за која заседава.

Секој од горе наведените институции ќе именува свои претставници во рок од еден месец од донесувањето на одлуката.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 09-130/3
30.09.2019 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 22 член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 141 и 142 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр.104/19 и 146/19 ) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на општината Битола на седницата одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
### за формирање на Општински Совет за социјална заштита

Член 1

Со оваа Одлука се формира Општински Совет за социјална заштита како советодавно и координативно тело заради остварување на соработката и зацврстување на влијанието во делот на социјалната заштита

Член 2

Општинскиот Совет за социјална заштита има за цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на социјалната заштита преку развивање на локални мерки и активности

Член 3

Општинскиот Совет за социјална заштита е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации, во следниот состав:

1.Претставници од општинска администрација
2. Претставници на Советот на Општина Битола
3. Претставник од сектор за внатрешни работи
4. Претставник од Основно Јавно обвинителство
5. Претставник од Клиничка болница
6. Претставник од Центарот за вработување
7. Претставник од ЈЗУ „Здравствен дом“
8. Претставници од Центар за социјални работи
9. Претставник од Бирото за развој на образованието
10. Претставници на Здруженија на граѓани
11. Претставници на Урбани заедници
12. Претставници од религиозните заедници

Советот е отворен за соработка и со други субјекти и во својата работа ќе ги вклучува при разгледување на одредени прашања во зависно од темата за која заседава.

Секој од горе наведените институции ќе именува свои претставници во рок од еден месец од донесувањето на одлуката.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 09-130/3
30.09.2019 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Валентин Груевски